ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-6900/7
20.12. 2019 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА - СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ: Директор на ЈП Улици и патишта - Скопје**

# П Р О Г Р А М А
# за дополнителни активности во делот на одржувањето на коритото на реката Вардар, нејзините притоки и отворените канали на подрачјето на Град Скопје за период од 01.02. до 31.12.2020 год.

***Скопје, декември 2019 година***

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје, Управниот одбор на дваесетитретата седница одржана на 20 декември 2019 година донесе

# ПРОГРАМА

**за дополнителни активности во делот на одржувањето на коритото на реката Вардар, нејзините притоки и отворените канали на подрачјето на Град Скопје за период од 01.02. до 31.12.2020 год.**

## I. Вовед

На територијата на Градот Скопје тече реката Вардар со своите поголеми притоки и отворените канали кои ги прифаќаат атмосферските води од околните планински места и потоа ги одведуваат во реката Вардар на различни локации.

Во коритата на овие водени текови се таложат најразновидни материјали: наноси на земја, мил, песок, комунален отпад и градежен шут. Овие материјали на коритата и косините придонесуваат за развој на бујна вегетација.

## II. Активности

За реализација на планираните активност за подобрување на состојабата со коритото на реката Врадар, нејзините притоки и отворените канали, преку континуирано нивно одржување и чистење потребно е ангажирање на дополнителни 37 работници кои ќе бидат соодветно распоредени.

| Локации | Општина | Број на ангажирани работници |
|---|---|---|
| Корито на река Вардар | Центар<br>Карпош<br>Аеродром<br>Ѓ.Петров | 15 |
| Корито на река Серава | Бутел | 4 |
| | Карпош | 4 |
| Усјански канал | Аеродром | 5 |
| | К.Вода | 5 |
| Финско-Инџиковски канал | Гази Баба | 4 |
| | | Вкупно 37 |

## III. Извори на финансирање

За реализација на оваа Програма, потребни се финансиски средства за исплата на надоместоци на времено ангажираните работници за извршување на јавна работа.

За таа намена во Буџетот на Град Скопје за 2020 година предвидени се субвенции за ЈП.Улици и патишта-Скопје во вредност од 7.000.000,00 денари.

## IV. Потребни средства

Висината на надоместокот за исплата на работниците е утврдена на нето износ од 14.500,00 денари, односно 16.831,00 денари во бруто износ во кој се пресметани персонален данок и трошок за осигурување.

Вкупно потребни финансиски средства за исплата на овие 37 работници ќе изнесува:

Месечен износ 37 раб. x 16.831,00 ден. = 622.747,00 денари
Годишен износ 11 мес. x 622.747,00 ден. = 6.850.217,00 денари

Управен одбор
Претседател
Александар Паталовски